**ОПШТИНА ОХРИД**

# КОНКУРС ЗА ПРИБИРАЊЕ НА БАРАЊА ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВА ОД БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ПРЕКУ СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ НА ТРОШОЦИ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СПОРТСКИТЕ ТЕРЕНИ НА ЈП,, БИЛЈАНИНИ ИЗВОРИ”-ОХРИД

**Охрид,Јануари, 2019 година**

**1.Општи информации**:

Општина Охрид согласно Одлуката за спроведување на мерки за субвенционирање на трошоци за користење на спортски терени на ЈП „Билјанини извори"-Охрид бр. 07-785/20 донесена од страна на Советот на Општина Охрид, на седницата одржана на ден 29.10.2014 година и Одлуката за дополнување на Одлуката за утврдување на цени за користење на спортските објекти бр.07-4189/41 од 30.12.2014 година, објавува конкурс за прибирање на барања за користење средства од Буџетот на Општина Охрид преку субвенционирање на трошоци за користење на спортски терени на ЈП „Билјанини извори"-Охрид .

Субвенционирањето на трошоците за користење на спортските терени на ЈП„Билјанини Извори" – Охрид се однесува за периодот од 01.01.2019 заклучно со 31.12.2019 година.

**2.Цел на донесената Одлука**:

- Поттикнување на масовниот спорт и спортот воопшто
- поттикнување на здравјето на граѓаните
- комуникација, соработка и тимска работа и
- создавање на услови за живеење на младите кои претставуваат движечка сила и промотор на новите вредности.

**3. Право на учество на конкурсот**:

Субвенционирањето наведено во точка 1 ќе може да го користат:

а) Здруженија на граѓани,

б) Акционерски друштва или друг облик согласно законската регулатива.

**4. Услови кои треба да ги исполнуваат подносителите**:

-потврда за утврден правен статус ДРД Централен регистар;

-да имаат решение за вршење дејност-спорт издадено од Агенцијата за спорт и млади;

-седиштето на субјектот да е на територијата на Општина Охрид;

-да учествуваат во некои од организираните системи на натпреварување организирани од страна на спортските федерации или асоцијации;

-да се подносители на барање за субвенционирање на трошоци за користење на спортски терени на ЈП „Билјанини извори"-Охрид и

-да имаат подготвено програма за користење на теренот (програмата треба да ги содржи бројот на бараните термини(месечно), бројот на бараните терени за играње натпревари(месечно), терен кој се бара и сатница и динамика по денови) -прилог 3;

-да се приложи официјален распоред на натпревари.

-да достават извештај за користењето на субвенциите за изминатата година (доколку биле корисници).

## 5. Начин на аплицирање и рок на поднесување на пријавите

-Пријавувањето се врши со доставување на пополнета пријава. Пријавите кои се составен дел на овој конкурс, ќе бидат објавени на веб страната на Општина Охрид на денот на објавување на овој конкурс.

-Пријавите може да се преземат од веб страната на Општина Охрид(www.ohrid.gov.mk) или директно во просториите на Општина Охрид.

-Заинтересираните учесници, своите пријави за учество на овој конкурс, да ги достават до Архивата на Општина Охрид ул.„Димитар Влахов„ бр.57, 6000, Охрид, најкасно до **14.02.2018** година, **13 часот**, во запечатен плик кој:

-е адресиран со точна адреса на договорниот орган

-во горниот лев агол стои ознака „Не отворај“, да не се отвора пред времето и датумот за отворањето на понудите.

Пример како треба да се адресира доставениот коверт:

| | |
|---|---|
| **„ Не отворај”** | **Конкурс за користење на спортски терени** |
| **Општина Охрид<br>ул. „Димитар Влахов” бр.57** | |

-Нема да бидат разгледувани следните пријави: доставени по истекот на крајниот рок означен во самиот конкурс, доставени по електронска пошта, пополнети на несоодветен образец, нецелосно пополнети и нецелосни пријави-без приложените документи кои задолжително се бараат (точка 4 од овој конкурс)

## 6. Известување за резултатите од конкурсот

-Сите учесници на конкурсот за резултатите ќе бидат известени со решение донесено од в.д. Градоначалникот на Општина Охрид. Во решението ќе биде наведен износот на одобрените средства . Општината го задржува правото да врши намалување на броевите на термини за користење.

Резултатите од Конкурсот ќе бидат објавени на веб страната на Општина Охрид(www.ohrid.gov.mk)

**7. Дополнителни информации**

-Контрола на термините кои ќе бидат користени од подносителите на барање за субвенционирање ќе се врши од страна на Одделението за спорт при Општина Охрид.

-Ќе се склучат договори меѓу Општината, корисникот за финансиската поддршка за користење на терени и ЈП Билјанини извори.

-По завршување на 1 година од денот на донесување на решение, учесникот има обврска да изготви извештај со извршени активности(тренинзи/ натпревари по дата на одржување со прилог копии од горенаведените потврди).

-Сите подетални информации во врска со објавениот конкурс можат да се добијат директно во Општина Охрид, на телефон 046/262 492 и 262 493 лока 198 или на следната емаил адреса: sport@ohrid.gov.mk.

**ОПШТИНА ОХРИД**
**в.д.Градоначалник,**
**Константин Георгиески**

**ПРИЈАВА ЗА УЧЕСТВО НА КОНКУРС ЗА СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ НА ТРОШОЦИ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СПОРТСКИТЕ ТЕРЕНИ НА ЈП„ БИЛЈАНИНИ ИЗВОРИ”-ОХРИД**

| | |
|---|---|
| **Називот на учесникот на конкурсот** | |
| **Адреса** | |
| **Телефон** | |
| **Е-пошта** | |
| **Име и презиме на раководното лице** | |
| **Вид на спорт за кој би се користел теренот** | |
| **Правен статус под кое е регистриран клубот:**<br><br>**А) Здруженија на граѓани**<br>**Б) Акционерски друштва или друг облик согласно законската регулатива** | |

**Во прилог на оваа изјава ги доставувам следните документи:**

1. потврда за утврден правен статус на учесникот издадена од соодветна институција
2. решение за вршење дејност-спорт издадено од Агенцијата за спорт и млади
3. доказ за учество во некои од организираните системи на натпреварување организирани од страна на спортските федерации или асоцијации
4. предлог програма за користење на теренот потврдена
5. изјава за прифаќање на условите под кои ќе се користат терените

Документите наведени под точка 1,2,3 и 4 не треба да бидат постари од 6(шест) месеци, истите може да се достават во копија со ознака„ верно на оригиналот“.

**Прилог 1**

Јас ___________________________________________, раководно лице на спортскиот клуб ______________________________________, со седиште на адреса _______________________ и ЕДБ ________________________________, учесник на конкурсот за субвенционирање на трошоци за користење на спортски терени на ЈП „Билјанини извори”-Охрид, објавен од страна на Општина Охрид, ја давам следната:

**И З Ј А В А**

Со која изјавувам дека се согласувам да ги прифатам условите за користење на терените утврдени од страна на Општината и ЈП Билјанини извори.

ИЗЈАВИЛ

_______________________________

**Прилог 2**

Јас __________________________________________, раководно лице на спортскиот клуб ______________________________________, со седиште на адреса _______________________ и ЕДБ ___________________________________, согласно решението донесено од страна на Градоначалникот на Општина Охрид за субвенционирање на трошоци за користење спортски терени бр.___________________________ ја издавам следната:

**П О Т В Р Д А**

Со која потврдувам дека спортскиот клуб ___________________________, ден _________________________, во терминот од ______ до _________ часот одржа тренинг/натпревар
____________________________________________________________
______________________________________________________________________
_____ на спортските терени во сопственост на ЈП Билјанини извори

Потврдата ја издавам за регулирање на финансиските обврски кои произлегуваат од користењето на теренот во горенаведениот термин.

ПОТВРДИЛ

________________

**Прилог 3**

# Програма за користење на терените и другите објекти на СРЦ Билјанини извори

## За месец ___________________
## Клуб ______________________
## Вид на спорт ______________

| Ред. број | Дата | Сатница | Терен/објект | Вид на активност Тренинг/натпревар |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |

## Подносител,